ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **09.01.2023 година** во 12:00 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Секретарот на Општина Крива Паланка **Антонио Давитковски,** Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководителот на Секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура **Маја Костадиновска,** Раководителот на Одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководителот на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски,** Раководителот на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководителот на Одделение за финансиски прашања **Марија Златановска**, Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија со овластување **Валентина Ангеловска,** Директорот на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски и Драган Цвијовиќ** - поддршка на Градоначалникот.

### Дневен ред:

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

### ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на Општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар на Општина Крива Паланка**

Задолженија за Секретарот на Општината кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се следи и координира постапката за поврат на средства во програмата ИПА ЦБЦ Македонија/Косово;
- Да се преземат соодветни активности и завршат:
  - Договорот за јавна чистота и градско зеленило со ЈП „Комуналец“ и меморандумот со ТП „Облаче“;
  - Изработката на правилници и комисии за следење на договори;
  - Одлуките за Совет;
- Да се преземат соодветни активности околу понудата за СМАРТ осветлување;
- Да се направи записник за примопредавање на тие што се поставени контролни броила за подрачните единици во зградата на општината Крива Паланка;
- Да се постават линковите на web страната на општината;
- Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Задолженија за Раководителот на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се превземат активности околу спогодбата за хранарината за пожарникарите;
- Да се види за кои одлуки ќе треба да се изготват соодветни правилници, истите да се изработат и да се направат комисии за следење на договорите;
- Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Задолженија за Раководителот на Секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се интензивираат активностите со проектантските компании околу завршување на проектирањето и издавање на одобрение за градба за главната улица;
- Да се забрзаат активностите околу изработката на основниот проект за зонското паркирање;
- Да се координираат активностите со „ИН ПУМА“ околу изработката на техничката документација за депонијата за инертниот отпад;
- Да се направи пресек на состојбата со изработка на плановите и да се доставува извештај за текот на постапките за секој план поединечно секој понеделник до градоначалникот;
- Да се преземат соодветни активности околу поставувањето на лежечките полицајци;
- Да се исконтактира со „МСА“ околу детското катче во градинка;
- Да се преземат поинтензивни активности околу постапката за продажба на парцелите на „Калин Камен“ и парцелата на локалитетот кај „Треска“;
- Да се превземат соодветни активности околу куќичките кои се поставени на плоштад, а кои повеќе не се користат, за да се раздолжат и исчистат;
- Да се преземат активности околу издавање на одобренија за градба на

повеќенаменското игралиште во с. Мождивњак, интернатот „Боро Менков“,ул.„Ристена Гоговска“, главната улица, за мостовите и за „Калин Камен“;

- Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за Одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се превземат активности околу закупот на деловните простории и да се достави до одделението за правни и општи работи;
- Да се одржи состанок со проценителите од Општина Крива Паланка за да се разгледа можноста за масовна проценка на недвижен имот во 2024 година;
- Да се разгледа понудата за масовна проценка на недвижен имот (да се контактира со општините Кавадарци и Свети Николе, бидејќи тие имаат искуство од соработка со фирмата што достави понуда за масовната проценка на недвижен имот);
- Да се види за куќичките и базарот, односно дали се регулирани уплатите;
- Да се види околу пописот;
- Тековни активности.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Задолженија за Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се преземат активности за интензивирање на проектирањето за:
    - Вирови Грамаѓе“, детските катчиња кај „Метеоролошка станица“, на лок. „Болничка ливада“ и во нас. Белево;
    - За „главната улица“ и ул.„Илинденска“ со УЕРО РОАД;
    - За Маневци, Мождивњак и Трнци со АКВА;
    - За локалитет „Калин Камен“, локалитет кај „Карпош“, во с. Мождивњак и маала Трнци со „Параметар“;
- Да се исконтактира со „Белешков“ за отпочнување со работа на скалите во Трновска маала и останатите работи дадени во налогот;
- Да се превземат активности за приклучок на населението во канализацијата кај локалитет „Бурови бавчи“, локалитетот кај „Цонев рид“ и во с.Конопница;
- Да се исконтактира со компанијата „Стојменови“ за да се направат тротоарите од другата страна на објектот на ЈП „Македонија пат“;
- Да се види за одобрението за градба за повеќенаменското игралиште во с. Мождивњак;
- Да се превземат активности за да се направи заштитната ограда на ул. „Калин Камен“;
- Да се исконтактира со фирмата за поставување на фитнес зоната;
- Да се одговори на барањата од граѓани во најбрз можен рок;
- Да се преземат активности околу изготвување на договорот со ЈП „Комуналец“ за јавна чистота и зеленило;
- Тековни активности.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Задолженија за Одделението за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, ако и произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се организира состанок со спортските и културни здруженија за начинот на користење на програмските/буџетски средства;
- Да се организира состанок за организација на активностите околу „Водици";
- Да се види околу активните повици и можноста за аплицирање;
- Да се објават сите програмски мерки како линк на web страната општината на FB;
- Да се почнат активности околу организација на економскиот совет;
- Да се превземат соодветни активности околу проектот 10 денари за спортот;
- Да се ажурира регистарот на НВО, спортски здруженија, амбасади, трговски друштва и сл.;
- Да се види околу туристичкиот водич;
- Тековни активности.

**Одделение за човечки ресурси**

Задолженија за Одделението за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се превземат активности за огласот за пожарникарите;
- Да се продолжи постапката за прием на геометар;
- Да се продолжат активностите околу новата организација;
- Тековни активности.

**Одделение за правни и општи работи**

Задолженија за Одделението за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се продолжат активностите околу новата организација;
- Да се превземат активности околу огласот за градскиот базен, с.Станци и с.Конопница;
- Да се закаже седнива на советот за превенција;
- Да се види околу јавните набавки на ситен инвентар;
- Да се продолжат експропријациите за проектите кои се во тек на градба;
- Тековни активности.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за Одделението за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Во одлуката за комунален ред да се вметне и одржување на селските гробишта;
- Да се организира состанок со ЈП ,,Македонски шуми" ПЕ Крива Паланка за дрвјата и врбите во речното корито и во с.Градец;
- Да се направат одлуки за комунален ред за месец февруари и да се стави на седница на Совет;
- Градежниот и комуналниот инспектор да имаат повеќе активности на терен;
- Тековни активности.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Да се врши редовно чистење на контејнерите и изврши метење под контејнерите;
- Да се изврши темелно чистење на доловите;
- Да се темелно прочистат решетките и каналите;
- Да се продолжи со редовното чистење на градскиот пазар;
- Да се изврши редовно чистење на спортските патеки;
- Да се уреди цигланата и истата да се огради;
- Да се превземат активности за приклучок на домаќинствата на канализацијата во м.в.„Цонев рид", м.в.„Бурови бавчи" и на локалитетот кај Велимир;
- Да се извршат потребните подготовки за зонското паркирање;
- Да се стават во функција метларките;
- Да се изготви динамичен план за чистење, метење и др. и да се придржува кон истиот;
- Да се направи генералка на плоштадот по завршувањето на активностите за „Водици";
- Да се интензивираат подготовките за новата организација;
- Да се продолжат активностите околу дрворедите во речното корито;
- Да се изврши метење на споредните улици;
- Тековни активности.

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Задолженија за ЛУ Градски музеј кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 09.01.2023 година:

- Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

Седницата на Советот на Општина ќе се одржи на ден 30.01.2023 година.

**09.01.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Сања Стојановска**